Врз основа на член 20 од Законот за рамномерен регионален развој на РМ (“Службен весник на РМ” 63/2007), Советот за развој на Пелагонискиот плански регион на седницата одржана на ден 27.02.2014 година усвои

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2013 ГОДИНА

февруари, 2014 година

Битола

СОДРЖИНА

Резиме 5

За Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион 7

Структура на организационата поставеност..... 7

Раководител 7

Администрација..... 7

Седници на Советот на Пелагонискиот плански регион..... 8

Конститутивна Седница на новиот состав на СРППР 8

Втора Седница на СРППР..... 8

Трета Седница на СРППР 9

Четврта Седница на СРППР 10

Информација за реализација на планираните активности за развој на Пелагонискиот плански регион за 2013 година 10

Проекти кои ќе се реализираат со финансиска поддршка на Биро за рамномерен регионален развој на РМ (БРР)..... 10

Проекти кои се поднесени до Биро за рамномерен регионален развој на РМ односно програмата регионален развој за 2014 година..... 11

Аплицирани проекти во 2013 година до фондовите на Европската Унија..... 12

Аплицирани проекти во 2013 година до билатерални донатори 13

Аплицирани проекти на Национални Програми (линиски министерства..... 14

Одобрени проекти пред 2013 година кои ЦРППР продолжи да ги реализира во 2013 година 15

Проширување на соработката со пшроектот за експанзија на мали бизниси имплементиран од Каран коропорација финансиски поддржан од УСАИД Македонија 16

Подршка на развојот на туризмот во Пелагонија..... 16

Подршка на развојот на занаетчиството во Пелагонија..... 17

Воведување на регионално управување со отпад во Пелагонискиот регион..... 17

Студиски патувања..... 18

Студиско патување во Словенија, Италија и Хрватска 19

Презентација на инструментот за финансиска поддршка на одржлива енергија на западен балкан 22

Мрежа за развој на културата во Пелагонија 22

Платформа за развој на туризмот во Пелагонија 23

Работилница за новоизбраните претседатели на општинските совети во Пелагонија. 23

Организација на инфо денови за ИПАРД програмата 24

Програмирање со Делегација на Европската Унија во РМ 24

Кампања "Македонија земја на цвекето – земја на розите" 25

Мрежа на центрите за регионален развој во РМ 25

Меѓуопштинска соработка 26

Активности за лобирање 27

Стратешки план и оперативен план 27

Работна група за идентификација на проектни идеи 28

Учество во третата компонента на ГИЗ 28

Портфолио на услуги на Центар за развој на Пелагониски регион 29

Подготовка на годишни извештаи..... 29

Членство во меѓународни организации 30

Потпишани меморандуми за соработка 30

Почитувани,

Годината која измина според сите параметри, поставени цели, индикатори и реализирани активности, може да се смета за најуспешна година во активното работење на Центарот за развој на Пелагонискиот регион (ЦРППР).

Во текот на 2013 година, тимот на ЦРППР акцентот на своето дејствување го стави на идентификација, подготовка и имплементација на развојни проекти и иницијативи, водејќи се од една и единствена премиса – подоследна реализација на визијата за развој на Пелагонискиот плански регион.

Согласно своите законски надлежности и својот мандат, ЦРППР стратешки ја планираше иднината, креираше и имплементриаше проекти и активности кои се во согласност со регионалните развојни приоритети и стратешките определби на општините во Пелагонија, а кои треба да придонесат кон забрзан развој на регионот, истовремено обезбедувајќи негова одржливост и континуитет.

Во текот на своето работење, во 2013 година, ЦРППР имаше чест и привилегија да соработува пред се, со општините во Пелагонија, и секако со различни домашни и меѓународни донатори, партнери и соработници. Со сите нив ги продлабочивме веќе создадените релации или воспоставивме нови, кои на заедничко задоволство ќе продложат да функционираат и во периодот што следи.

Крајната цел на нашето работење во текот на зизминатата година беше во рамките на нашиот мандат и законските надлежности да понудиме квалитетен одговор на потребите на различни целни групи: општините во Пелагонија, јавните институции, невладиниот сектор, бизнис секторот, и секако, граѓаните на Пелагонискиот регион.

Веруваме дека со нашата работа и постигнатите резултати, успеавме во тоа.

Со почит,
Тимот на ЦРППР

РЕЗИМЕ

Извештајот за работата на ЦРППР во текот на 2013 година е изработен според принципите на транспарентно, темелно, одговорно и навремено известување за работењето на една јавна институција. Во него, на прегледен начин, даден е увид во развојните активности на ЦРППР за периодот извештајот го опфаќа, но и увид во оние активности кои се планирани за реализација во наредниот планирачки период. Во услови кога не постои пропишана и утврдена законска рамка за изгледот и содржината на овој документ, сметаме дека оваа форма и содржина ги задоволува барањата не само на оснивачите и финансиските поддржувачи на нашата институција, туку и на општата јавност во поширокі рамки.

Во текот на 2013 година ЦРППР работеше со својот полн капацитет, како од аспект на човечки ресурси, така и од аспект на административно-технички ресурси. Во изминатите 12 месеци, работата на ЦРППР резултираше со четири одржани Седници на Советот за развој на Пелагонискиот регион, од кои првата беше конститутивна и на неа беше утврден новиот состав на ова тело кој својот мандат да ги креира регионалните политики ќе го има до 2017 година.

Дел од најважните одлуки кои Советот ги донесе во мината година беа: Одлука за основање на меѓуопштински одбор за регионално управување со отпад, одлука за формирање на техничка служба за поддршка на работата на меѓуопштинскиот одбор за регионално управување со отпад, одлука за избор на Претседател на меѓуопштинскиот одбор за регионално управување со отпад, одлука за учество во грантова шема базирана на резултати и одлука за регионални приоритетни проекти.

Во текот на 2013 година, ЦРППР подготви и поднесе 25 проектни апликации до најразлични билатерални, интернационални и домашни донатори. Од поднесените проектни апликации, 11 се одобрени, 7 се во фаза на евалуација, 6 се одбиени и 1 е повлечен од евалуација. Подготвените проектни апликации ги следат приоритетите за развој на Пелагонискиот регион, односно имаат за цел да интервенираат во четирите развојни области: подобрување на инфраструктурата во регионот, економски развој, заштита на животната средина и социјален и културен развој.

Бидејќи регионалниот развој е мултидисциплинарна област која бара соработка помеѓу најразлични општествени чинители, ЦРППР во текот на 2013 година покрај развојните активности, оствари значителен напредок и во соработката со низа владини и невладинини институции, бизнис заедницата и секако со домашни и странски организации.

Во насока на унапредување на искористеноста и промоцијата на сите потенцијали на Пелагонискиот регион, учествувавме во организацијата на повеќе од 10 настани во регионот, посетивме повеќе од 15 стручни обуки, реализирвме 2 студиски патувања за Градоначалниците од регионот и одржавме повеќе од 30 координативни и планирачки состаноци со различни засегнати страни на теми директно поврзани со регионалниот развој.

Се надеваме дека, благодарение на стекнатото искуство во работата но и поради изградените врски и релации со сите вклучени страни во регионалниот развој, нашиот успехот и нашите резултати и во иднина ќе продолжат да растат и да се надградуваат.

ЗА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН (ЦРППР)

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) со својство на правно лице е основан на 25.07.2007 година, од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Пелагонискиот плански регион (Битола, Прилеп, Крушево, Ресен, Демир Хисар, Новаци, Могила, Кривогаштани и Долнени).

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион е орган на локалната самоуправа со делокруг на работа утврден во Законот за рамномерен регионален развој (Сл.Весник бр.63/07).

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион официјално отпочна со работа на 04.03.2010 година по назначувањето на Раководител и отворањето на службената канцеларија.

Седиштето на Центарот за развој на Пелагонискиот планскиот регион е на улица „Томаки Димитровски“ бр. 7, 7000 Битола, п. фах 223. Телефон +389 47 232 800, факс +389 47 203 818. Официјална е-пошта: info@pelagonijaregion.mk.

Веб страната на ЦРППР е www.pelagonijaregion.mk

СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦРППР

РАКОВОДИТЕЛ

Раководител на ЦРППР за периодот 2010 – 2014 година е г-ѓа Емилиа Ѓероска.

АДМИНИСТРАЦИЈА

Администрацијата на ЦРППР е поделена на три одделенија кои извршуваат специфични задачи во функција на регионалниот развој:

1. Одделение за општи и административни работи, финансии и јавни набавки;

2. Одделение за меѓуопштинска соработка и регионален развој;

3. Одделение за имплементација на проекти и меѓународна соработка.

Во ЦРППР се вработени четири лица од кои: Раководител на ЦРППР, тројца раководители на одделенија и еден хигиеничар. Раководителот на ЦРППР и раководителите на одделенијата се со постојан работен однос.

Канцеларијата за работа на ЦРППР располага со целокупен инвентар и информациско-технолошка опрема на ниво кое е во согласност со современите барања за успешно функционирање на една ваква институција. За користењето на отстапениот простор, ЦРППР на Општина Битола ЦРППР и плаќа соодветен износ на име наемнина.

СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во периодот јануари – декември 2013 година ги подготви и организира првата, втората, третата и четвртата седница на новиот состав на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион.

КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА НОВИОТ СОСТАВ НА СРППР

Конститутивната Седница се одржа на 02.05.2013 година во Битола и на истата Советот за развој на Пелагонискиот плански регион работеше по следниот дневен ред:

1. Конституирање на Совет за развој на Пелагониски плански регион

2. Избор на Претседател на Совет за развој на Пелагониски плански регион

3. Разно

За време на Седницата беше конституириан новиот состав на Советот за развој на Пелагонискиот регион во кој членуваат:

Д-р Владимир Талески – Градоначалник на Општина Битола
Г-дин Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп
Г-дин Ѓорѓи Дамчевски – Градоначалник на Општина Крушево
М-р Ѓоко Стрезовски – Градоначалник на Општина Ресен
Г-дин Љупчо Блажевски – Градоначалник на Општина Демир Хисар
Г-дин Лазар Котевски – Градоначалник на Општина Новаци
Г-дин Стево Пивковски – Градоначалник на Општина Могила
Д-р Боше Милошевски – Градоначалник на Општина Долнени
Г-дин Тони Заткоски – Градоначалник на Општина Кривогаштани

На истата седница, едногласно, по трет пат за Претседател на Советот беше избран Д-р Владимир Талески, Градоначалник на Општина Битола. Неговиот мандат ќе биде со траење до 2015 година.

ВТОРА СЕДНИЦА НА СРППР

Втората седница на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион се одржа на 03.07.2013 година во Битола и на истата СРППР работеше по следниот дневен ред:

1. Разгледување и усвојување на Записникот од првата конститутивна седница на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион

2. Разгледување на одобрените проекти и координација за нивно имплементирање во рамките на програмата за рамномерен регионален развој за 2013 година

3. Отпочнување на соработка со германска развојна агенција ГИЗ РЕД

4. Имплементација на проектот ЛЕАДЕР во втората година
5. Отворен повик за прекугранична соработка помеѓу Македонија-Грција
6. Регионално управување со отпад
7. Разно.

ТРЕТА СЕДНИЦА НА СРППР

Третата седница на СРППР се одржа на 21.08.2013 година во Битола и на истата Советот работеше по следниот дневен ред:

1. Разгледување и усвојување на Записник од втора Седница на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион
2. Прифаќање на критериуми за приоретизација на проектни идеи кои ќе поднесат во Грантовата шема базирана на резултати (PBG GIZ RED)
3. Приоретизација на проектни идеи кои ќе поднесат во Грантовата шема базирана на резултати (PBG GIZ RED)
4. Усвојување на приоритетна листа на проекти кои ќе се поднесат во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2014 година (БРР 2014)
5. Измена и дополнување на годишен финансиски план на ЦРППР за 2013 година
6. Потпишување на Договор за воспоставување на меѓуопштински одбор за управување со отпад (РИУО, Министерство за животна средина на РМ)
7. Избор на Претседател на меѓуопштински одбор за управување со отпад
8. Избор на членови на стручна служба на меѓуопштински одбор за управување со отпад
9. Избор на членови во комисија за доделување на финансиска помош за достигнување на стандарди во работењето на угостителски објекти од мал обем (Проект Имплементација на законската регулатива за категоризација на туристичко-угостителски објекти во Пелагонискиот регион финансиран од БРР 2013)
10. Информација за одобрен проект Воведување и спроведување на ЛЕАДЕР пристап во Пелагонискиот регион (втора фаза) и студиско патување во Задар, Република Хрватска

11. Информација за проекти кои ќе се поднесат во рамките на третиот повик од Програмата за прекугранична соработка со Република Грција.

ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА СРППР

Четвртата седница на СРППР се одржа во Битола на 06.12.2013 година. На оваа седница, Советот работеше по следниот дневен ред:

1. Разгледување и усвојување на Записникот од третата седница на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион

2. Усвојување на Годишен финансиски план на ЦРППР за 2014 година

3. Одлука за приоритетна листа со регионални проекти за 2014 година (Биро за рамномерен регионален развој на РМ)

4. Одлука за учество во Грантова Шема базирана на перформанси (ГИЗ РЕД)

5. Разно.

ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2013 ГОДИНА

Реализираните активности во 2013 година од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион се во согласност со целите и приоритеите на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион 2010-2015 година, донесена од страна на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион како и листата на приоритетни проекти за 2013 година.

ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРАА СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА БИРО ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РМ (БРР)

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во кооординација со деветте единици на локалната самоуправа кои припаѓаат на регионот согласно Програмата за развој, ја подготви листата со приоритетни проекти од регионално значење за 2013 година и истата беше усвоена на петнаесетта седница одржана од претходниот состав на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион.

На 28.06.2013 година во Скопје, Директорот на Бирото за регионален развој на РМ г-дин Џемаил Елмази и Раководителот на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион г-ѓа Емилиа Ѓероска потпишаа договор за реализација на следните проекти во Пелагонискиот плански регион:

Р.б.	Назив на проект	Статус на проектот заклучно со 28.02.2014
1.	Подобрување на сообраќајната поврзаност помеѓу општините Новаци, Битола и Могила	Реализиран
2.	Изградба на регионална мото-кс патека	Реализиран
3.	Изработка на проект за инфраструктура- цевковод за водоснабдување на индустриска зона Петилеп- општина Могила од градски водовод на општина Битола	Реализиран
4.	Прва фаза: Изградба на јавен паркинг за сточен пазар во општина Кривогаштани (за потребите на: Кривогаштани, Долнени, Прилеп, Демир Хисар, Крушево)	Реализиран
5.	Адаптација на објект од историско и културно значење во Пелагонискиот регион - Спомен-простор на Петре М. Андреевски	Реализиран
6.	Имплементација на законската регулатива за категоризација на туристичко-угостителски објекти во Пелагонискиот регион	Реализиран
7.	Втора фаза: Партерно уредување на регионален природен извор во н.м. Дебреште, општина Долнени	Реализиран
8.	Патокази кон потпелистерските села за унапредување и промоција на туристичките потенцијали на општина Битола и Ресен	Реализиран
9.	Проект за хортикултурно уредување на црквата "Св. Ѓорѓи" во село Курбиново, општина Ресен	Реализиран

ПРОЕКТИ КОИ СЕ ПОДНЕСЕНИ ДО БИРО ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РМ ОДНОСНО ПРОГРАМАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РМ ЗА 2014 ГОДИНА

Согласно законската регулатива, на четвртата седница на СРППР одржана во Битола на 06.12.2013 година, беше усвоена листата со приоритетни проекти за регионален развој во 2014 година. ЦРППР за проектите кои беа дел од таа листа разви проектни

апликации кои ги достави до БРР и Програмата за рамномерен регионален развој на РМ за 2014 година.

Р.б.	Назив на проект	Статус на проектот заклучно со 28.02.2014
1.	Изведба на електрична инсталација за осветлување на сообраќајната клучка „Макази“ на регионалниот пат А-3 на делницата Битола-Ресен	Одобрен
2.	Изградба на паркинг на сточен пазар во Кривогаштани 2-ра фаза	Одобрен
3.	Изградба на пат до манастир Св. Наум Охридски Чудотворец во с. Болно	На барање на СРППР повлечен од евалуација
4.	Зголемена енергетска ефикасност на објект СОУ Крсте Петков Мисирков Демир Хисар преку промена на постојна надворешна столарија	Одбиен

АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2013 ГОДИНА ДО ФОНДОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Р.б.	Назив на проект	Поднесен до	Статус на проектот заклучно со 28.02.2014
1.	Развивање на прекуграничен вредоносен синџир	ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Грција	Во фаза на евалуација
2.	Заеднички активности за иновативна и квалификувана прекугранична бизнис зона	ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Грција	Во фаза на евалуација

3.	Велосипедизам, пешачење и рибарење	ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Грција	Во фаза на евалуација
4.	Прекуграничен караван за храна и музика	ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Грција	Во фаза на евалуација

АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2013 ГОДИНА ДО БИЛАТЕРАЛНИ ДОНАТОРИ

Согласно програмските определби и приоритетите дефинирани во Програмата за разој на Пелагонискиот плански регион 2010-2015 година, Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион изработи предлог проекти и аплицираше за финансиска поддршка на следните проекти:

Р.б	Име на проектот	Поднесен до	Статус на проектот заклучно со 28.02.2014
1.	Локалните акциони групи во Пелагонија ја оформуваат својата иднина	Карана Корпорација – Проект за експанзија на мали бизниси	Одобрен
2.	Проект за изработка на техничка документација за обиколница околу градот Крушево	Германско друштво за меѓународна соработка	Одобрен
3.	Проект за изработка на техничка документација за индустриска зона Славеј	Германско друштво за меѓународна соработка	Одобрен
4.	Проект за изработка на техничка документација за изградба на пристаниште во Претор	Германско друштво за меѓународна соработка	Одобрен

5.	Проект за изработка на техничка документација за пречистителна станица во Демир Хисар	Германско друштво за меѓународна соработка	Одобрен
6.	Проект за изработка на техничка документација за пат Рапеш - Старавина	Германско друштво за меѓународна соработка	Одобрен
7.	Проект за изработка на техничка документација за пат Стровија - Богомила	Германско друштво за меѓународна соработка	Одобрен
8.	Живеј, спортувај, чувај	Електрани на Македонија	Одбиен
9.	Културата во улога на територијален развој и социјална кохезија	Асоцијација на Агенции за локална демократија	Одобрен
10.	Активна младина-активен развој	Амбасада на Кралство Норвешка	Во фаза на евалуација
11.	Опремување на Центар за лица со пречки во развојот во Општина Демир Хисар	Германска амабасада	Во фаза на евалуација
12.	Инфо-пулт за поддршка на МСП	Агенција за поддршка на претприемништво на РМ	Одбиен

АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ НА НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ (ЛИНИСКИ МИНИСТЕРСТВА)

Р.б	Име на проектот	Поднесен до	Статус на проектот заклучно со 28.02.2014
1.	Регионални денови на културата во Пелагонија	Министерство за култура	Одбиен

2.	Културниот туризам во улога на економски развој и социјална кохезија на одредена територија	Министерство за култура	Одбиен
3.	Изработка на пред-физибилити Студија за искористување на биомасата во Пелагонискиот регион	Министерство за животна средина	Во фаза на евалуација
4.	Промоција на специфични вештини за изработка на сувенири, ракотворби и производи од областа на руралниот туризам во Пелагонискиот регион	Министерство за економија	Одбиен
5.	Подигнување на свеста на населението во Пелагонискиот регион за искористување на биомасата за производство на енергија	Министерство за животна средина	Реализиран

ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ПРЕД 2013 ГОДИНА КОИ ЦРППР ПРОДОЛЖИ ДА ГИ РЕАЛИЗИРА ВО 2013 ГОДИНА

Р.б	Име на проектот	Поднесен до	Статус на проектот заклучно со 28.02.2014
1.	Иновативни едукативни програми за зачувување на природните ресурси во прекуграничниот регион – Зоо Иноватива	ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија Грција	Во фаза на реализација
2.	План за прекугранична заштита од пожари - FIRESHIELD	ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Грција	Реализиран

3.	Децентрализирана соработка помеѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија	Регионот Долна Нормандија, Француското Министерство за надворешни работи и Асоцијацијата на агенции за локална демократија	Во фаза на реализација
4.	Воведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион	Карана Корпорација Проект за експанзија на мали бизниси	Во фаза на реализација
5.	Изградба на хидрантска мрежа во Пелагонискиот регион	Јапонска Амбасада во РМ	Реализиран

Сите проектни идеи кои ЦРППР ги подготви во форма на проектна апликација и ги предложи за финансирање до постоечки финансиски инструмент, беа креирани во соработка со работна група специјално оформена за таа намена по предлог на Советот за развој на Пелагонискиот регион. Составот на работната група се менува во согласност со потребите и условите дефинирани во соодветниот повик за поднесување на проекти.

ПРОШИРУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ПРОЕКТОТ ЗА ЕКСПАНЗИЈА НА МАЛИ БИЗНИСИ ИМПЛЕМЕНТИРАН ОД КАРАНА КОРПОРАЦИЈА ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАН ОД УСАИД МАКЕДОНИЈА

ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ПЕЛАГОНИЈА

На крајот на 2013 година, ЦРППР и Проектот за експанзија на мали бизниси ја проширија својата соработка од полето на руралниот развој и на полето на развој на туризмот. Согласно договорените чекори и планираната динамика, проектните партнери во текот на 2014 година ќе ги фокусираат своите напори кон подобрување на туристичката понуда на Пелагонија преку креирање, поддршка и промоција на алтернативните форми на туризам за чиј развој регионот има постоечки потенцијал.

Конкретно, за реализација во текот на 2014 година договорени се следните активности:

1.Мапирање на сите планирани културни, спортски или слични видови на манифестации во Пелагонискиот регион кои имаат потенцијал да привлечат странски туристи преку продолжување на нивното времетраење или збогатување на содржина
2.Финансиска поддршка на најпотенцијалните културни, спортски или слични видови на манифестации во Пелагонискиот регион кои имаат потенцијал да привлечат странски туристи
3.Организација на работилница за претставниците на бизнис секторот кој е активен во Пелагонискиот регион, а кој нуди туристичко-угостителски услуги или производи со нагласен авантуристички карактер. Предавачи на работилницата ќе бидат експерти од Трговска Асоцијација за авантуристички патувања.
4. Организација на тура за запознавање со Македонските туристички потенцијали на тур-оператори од цел свет, членови на Трговска Асоцијација за авантуристички патувања.
5. Иницирање на процес на организација на Самит на Трговска Асоцијација за авантуристички патувања во Република Македонија во текот на 2015 година.

ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО ПЕЛАГОНИЈА

ЦРППР заедно со Карана Корпорација и УСАИД Македонија кон крајот на 2013 година договорија заедничка соработка и на полето на поддршката на развојот на занаетчиството во Пелагонија, како економска гранка со недоволно искористени потенцијали.
Низ процес на анализа и мапирање на сите постоечки и активни занаетчии во Пелагонија, ќе се креира детален и точен преглед за состојбата во овој сектор, како битен предуслов за дефинирање на конкретни чекори во насока на негова поддршка и развој.
По завршувањето на аналитичкиот процес, партнерите во иницијативата ќе воспостават комуникација со дел од компаниите во Пелагонија, кои имаат потреба или веќе воспоставена пракса да купуваат корпоративни промотивни производи, најчесто од странски пазари, и истите да ги користат како подароци за потенцијалните или постоечките клиенти.
Напорите на партнерите на иницијативата ќе бидат во насока на супституција на увозот на корпоративни промотивни производи од страна на компаниите во Пелагонија со купување на занаетчиски производи за иста намена произведени на локално/регионално ниво.
Крајната цел на иницијативата ќе биде да ги поврзе занаетчиите од Пелагонија со компаниите од овој регион и да воспостави трајна соработка помеѓу нив која ќе го поддржи и забрза економскиот раст на регионот.

ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

На својата 13 седница, Советот за развој на Пелагонискиот плански регион донесе Одлука за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Пелагонискиот плански регион преку ЕУ ИПА инструментот со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање.

По донесувањето на Одлуката, Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион го формираше Меѓуопштинскиот Одбор за управување со отпад, односно беше формирана административно техничката служба за негова поддршка составена од 8 претставиници од општините во Пелагонискиот регион и 1 претставник од Центарот за развој на Пелагониски плански регион. За Претседавач на Меѓуопштинскиот Одбор беше избран Градоначалникот на Општина Новаци г-дин Лазар Котевски со мандат од две години.

Со формирањето на Меѓуопштинскиот Одбор, Центарот за развој на Пелагониски плански регион влезе во Програмата на Министерството за животна средина и просторно планирање а потоа ова Министерство поднесе и апликација до Делегацијата на ЕУ во РМ за изработка на план за управување со отпад во Пелагонискиот плански регион финансиски поддржан преку ИПА инструментот.

Во рамките на надлежностите на Министерството за животна средина и просторно планирање а со цел зајакнување на капацитетите на формираните меѓуопштински одбори за управување со отпад, беше организирано студиско патување во Холандија за Пелагонискиот, Скопскиот и Југозападниот регион.

Во рамките на студиското патување беа посетени 3 регионални депонии во Холандија и беа разменети искуства за тоа како Холандија се справува со управувањето на отпадот а воедно беа посетени и регионални депонии кои се управувани од страна на јавни претпријатија, приватни компании преку моделот на јавно приватно партнерство.

ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО НАСОКА НА РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ

СТУДИСКИ ПАТУВАЊА

Во периодот од 9 – 12 септември 2013 година, беше реализирано студиско патување во Задар, Република Хрватска на кое присуствуваа Градоначалниците на општините од Пелагонискиот регион, а беше организирано од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион и УСАИД Проектот за експанзија на мали бизниси, имплементиран од Карана Корпорација. Целта на патувањето беше претставување на регионот Пелагонија пред локалната власт во градот Задар и Задарската област и размена на искуства за воведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот преку процесот на формирање на Локални Акциони Групи ЛАГ-ови.

За време на студиското патување беа остварени директни средби со Локалните Акциони Групи во Задарскиот регион, ЛАГ Лаура и ЛАГ Бура. На овие средби менаџерите на ЛАГ-овите пред Градоначалниците од Пелагонискиот регион го презентираа процесот на формирање на ЛАГ-ови во Хрватска, ги истакнаа можносите кои се нудат за искористување на различни фондови и кои типови на проекти ќе можат да се имплементираат преку ЛЕАДЕР програмата. Исто така ја потенцираа важноста за поддршка од локалната самоуправа во формирањето на ЛАГ-ови за да се постигне успех на целиот процес. Делагацијата од Пелагонија имаше

можност да оствари средба и со Градоначалникот на град Биоград, г-дин Иван Кнез, кој го претстави градот кој го води, неговите можности за развој, и ги презентираше реализираните и планираните проекти.

Исто така, Делегацијата од Пелагонискиот регион имаше можност да се сретне со Градоначалникот на општина Задар, г-дин Божидар Калмета и неговиот тим, со кого разговараше за развојот на Задарската Županija во последните години и проблемите со кои оваа županija се соочува. Присутните на средбата, истата ја посочија како одлична можност за идна заедничка соработка помеѓу двата региони. За време на студиското патување, Градоначалниците беа примени и од страна на županot на Задарската županija, г-дин Стипе Зрилиќ и неговиот тим, каде двете страни ги претставија своите региони и можности за развој. На оваа средба присуствуваше и претставничка на Македонската заедница во Задар, г-ѓа Мирјана Мајиќ.

Еден дел од студиското патување беше искористен и за средби со Комората на занаетчии на општина Задар и претставници од успешни компании од регионот за преработка на месо и производство на бели пецива. За време на средбите, беше разговарано за успешни иницијативи од приватниот сектор и поддршката од страна на комората и локалната самоуправа при реализацијата на тие иницијативи.

Со цел да слушнат искуства и мислења на претприемачите, Градоначалниците за време на студиското патување реализираа теренски посети на неколку локални мали и средни претпријатија, кои се и успешни корисници на финансиски средства од ИПАРД програмата во Хрватска. Конкретно, беа реализирани посети на компанијата "Мараска" производител на сокови и познатата задарска ракија од вишна Мараска, земјоделската задруга "Масвин" која одгледува и преработува маслинки, вино и смокви, разгледување на земјоделскиот проект "Баштица" за наводнување на голема земјоделска површина преку систем капка по капка и посета на компанијата "Мари Комерц" која се занимава со преработка на риба.

СТУДИСКО ПАТУВАЊЕ ВО СЛОВЕНИЈА, ИТАЛИЈА И ХРВАТСКА

Од 11-15 Ноември 2013 година во организација на ГИЗ РЕД во Р.Македонија беше организирано Студиско патување за градоначалници од Р.Македонија на тема Регионален развој во Италија, Словенија и Хрватска. Во рамките на ова студиско патување како претставници од Р.Македонија беа градоначалниците следните плански региони: Пелагониски, Вардарскиот , Југозападниот , Полошкиот и Североисточниот плански регион како и Министерот за локална Самоуправа и Директорот на Бирото за регионален развој .Како претставници од Пелагонискиот регион беа градоначалницитена општините: Прилеп, Демир Хисар, Кривогаштани и Долнени како и еден претставник од страна на Центарот за развој на Пелагониски плански регион. Покрај градоначалните од Пелагонискиот регион беа и дел од градоначалниците од.

Согласно предвидената програма Македонската делегација оствари работна средба со претседателот на провинцијата Трст. На состанокот беа презентирани реализираните проекти од прекуграничната соработка помеѓу Италија и Словенија

Според организаторот и финансиер на тематското патување, ГИЗ РЕД програма, овие три дестинации се одбрани од причина што Италија и Словенија имаат големо искуство во аплицирање на проекти од фондовите на ЕУ, а Хрватска, како и Македонија до неодамна ги користеше пред пристапните средства.

Исто така Високата македонска делегација, што ја сочинуваа први луѓе на оптините од Пелагонискиот, Полошкиот, Североисточниот, југозападниот и вардарскиот регион, и претставници на ГИЗ РЕД програмата беа примени од градоначалникот на Копер, во Р. Словенија.

Во рамките на оваа посета беше посетена и една од можеби најсофистицираните депонии во Европа за управување со цврст отпад е оваа во градот Изола на само 5 км оддалеченост од Копер, на самиот брег на јадранското море. При посетата беа претставени локалните структури за управување и обработка на отпадот, како и технологијата и начинот на работа.

Студиското патување заврши со посетата на истарската агенција за развој на туризмот во Пула, или ИРТА , каде беше презентиран начинот на управување со дестинациите, регионални и локални проекти водени со туристички партнери во регионот ИСтра, а се разгледа и можноста за потесна соработка со агенции и општини од Македонија.

ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

Следејќи ја определбата за континуирано вложување во човечките ресурси и развој институционален развој базиран на знаење, членовите на тимот на ЦРППР ја искористија секоја можност за да ги надградат сопствените капацитети. Стекнатите знаења и вештини ќе се користат во секојдневното работење и при реализацијата на зацртаните среднорочни и долгорочни цели.

Во продолжение е дадена листа на обуки посетени од страна на членовите на тимот на ЦРППР:

Р.Б	Име Презиме	Тема на обука	Организатор	Датум /Место
1.	Бојан Бојкоски	Спроведување на меѓугранични проекти Македонија Грција	ЗТС СОЛУН	Битола
2.	Рубин Николоски	Спроведување на меѓугранични проекти Македонија Грција	ЗТС СОЛУН	Битола

3.	Рубин Николоски	Стретешко планирање во Пелагонискиот регион	ГИЗ РЕД	Битола
4.	Бојан Бојкоски	Стратешко планирање во Пелагонискиот регион	ГИЗ РЕД	Битола
5.	Рубин Николоски	Работилница за туризам во функција за едукација и култура и вмрежување	ЛОКОМОТИВА и ЦРППР	29.31-05.2013 Битола
6.	Рубин Николоски	Стратешко планирање	SWG	Маврово
7.	Бојан Бојкоски	Студиско патување за градоначалници и центри за регионален развој од Р.Македонија тема Регионален развој во Италија, Словенија и Хрватска	ГИЗ РЕД	11-15.11.2013 Италија, Словенија и Хрватска
8.	Бојан Бојкоски	Студиско патување за регионално управување со отпад во Холандија, Бусум	Министерство за животна средина	06-09.10.2013 година Холандија, Бусум
9.	Бојан Бојкоси	Смарт камп за социјална инклуција на Комисијата за меѓуопштинска соработка при влада на Р.М. – Охрид	Комисија за меѓуопштинска соработка при Влада на Р.Македонија	Охрид
10.	Бојан Бојкоски	Примена на одредбите на законот за јавни набавки во пракса”	Здружение за финансиски работници Македонија	13.12.2013 х.Континентал, Скопје
11.	Наташа Христова	Финансиско работење на Центрите за регионален развој	ГИЗ РЕД	Охрид
12.	Наташа Христова	Советување за изготвување на завршна сметка	ФВ Консалтинг	Битола
13.	Бојан Бојкоски	Новини во јавни набавки	РРА Пелагонија ПРЕДА	Битола
14.	Владимир Величковски	Стратешко планирање	Генерален секретаријат на Влада на РМ	Битола

15.	Владимир Величковски	Регионален рурален развој – Од концепт во пракса	ГИЗ	Лајцпиг, Германија
16.	Владимир Величковски	Регионален рурален развој – Од концепт во пракса	ГИЗ	Колашин, Црна Гора
17.	Владимир Величковски	Менаџмент на Локални акциони групи во регионален рурален развој	ГИЗ	Илок, Хрватска

ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВА ЕНЕРГИЈА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

На барање на Министерството за економија на Република Македонија и Европската Банка за обнова и развој, ЦРППР обезбеди логистичка поддршка за организација на презентацијата која овие две институции ја одржаа во Битола, а чија цел беше да се претстават новините на Инструментот за финансиска поддршка на одржлива енергија на Западен Балкан (Western Balkans Sustainable Energy Financing Facility).

Можностите кои овој финансиски инструмент поддржан од Европската Банка за обнова и развој а спроведен преку Министерството за економија на Република Македонија и дел од комерцијалните банки во земјата, беа претставени пред потенцијалните корисници во Пелагонискиот регион: јавниот сектор-општини и општински јавни претпријатија, бизнис секторот и ЕСКО компании.

Финансискиот инструмент (кредитна линија) е наменет за инвестиции на гореспоменатите корисници кои ќе доведат до заштеди на енергија, зголемување на енергетската ефикасност но и во обновливи извори на енергија.

Центарот за развој на Пелагонискиот регион учествуваше на презентацијата, ги обезбеди сите потребни информации околу начинот на аплицирање, евалуација и мониторинг на проектите кои се квалификувани за поддршка во рамките на овој инструмент, и во периодот додека инструментот е отворен на сите потенцијални корисници ќе им нуди основни информации и поддршка.

МРЕЖА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА ВО ПЕЛАГОНИЈА

И во текот на 2013 година, Центарот за развој на Пелагонискиот регион продолжи да ја координира работата на Мрежата за развој на културата во Пелагонискиот регион. Ова тело беше формирано во текот на 2012 година со цел да ја унапреди состојбата во секторот култура на ниво на Пелагониски регион, преку подобрена координација и комуникација на сите засегнати страни.

Мрежата за развој на културата во Пелагонискиот регион е составена од претставници на јавниот сектор (советници за култура во Пелагониските општини),

претставници на националните установи за култура, уметници, претставници на невладиниот сектор.

Главната активност на која беше фокусирана Мрежата во текот на 2013 година беше доработка и финализација на Стратегијата за развој на културата во Пелагонискиот регион и нејзина промоција и дисеминација до сите релевантни структури и засегнати страни.

Во процесот на подготовка на Стратегијата за култура беа користени искуствата и знаењата на домашни и интернационални експерти. Истиот траеше во периодот 2011-2013 година а беше спроведен во непосредна соработка со Мрежата за развој на културата во Пелагонија.

ПЛАТФОРМА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ПЕЛАГОНИЈА

Со цел унапредување на состојбите во туризмот во Пелагонискиот регион, ЦРППР заедно со Регионалната Развојна Агенција на Пелагонија Преда Фондација организираше средба на платформата за развој на туризмот во овој регион. Платформата беше формирана во 2011 година, од страна на претставници од сите релевантни структури и чинители на овој сектор во Пелагонија. За нејзината координација и функција задолжен е ЦРППР.

Во текот на 2013 година, ЦРППР и РРА Пелагонија Преда организираа состанок на оваа платформа за да се продискутираат состојбите со туризмот на регионално ниво но и да се презентира отворениот повик за поддршка на вршители на туристичка дејност од мал обем во Пелагонискиот регион, кој ЦРППР го спроведе во рамките на својот проект "Имплементација на законската регулатива за категоризација на туристичко-угостителски објекти во Пелагонискиот регион".

За време на состанокот, пред присутните чинители на туристичкиот сектор, ЦРППР и РРА Пелагонија Преда ги образложија сите детали на отворениот повик: можност за учество, квалификувани апликанти, услови за добивање на поддршка, начин на аплицирање, начин на известување.

Целта на состанокот беше целосно постигната за што доказ е успешната реализација на јавниот повик кој беше главната тема на состанокот на платформата.

РАБОТИЛНИЦА ЗА НОВОИЗБРАНИ ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТИ ВО ПЕЛАГОНИЈА

Во соработка со Програмата за регионален развој на Република Македонија на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ РЕД), ЦРППР организираше еднодневна работилница наменета за новоизбраните Претседатели на општинските Совети во Пелагонија.

Целта на работилницата беше Претсетдателите на Советите одблиску и во детали да се запознаат со основата функција на ЦРППР, неговите надлежности, мандат, визија и мисија.

За време на работилницата, беа презентирани и продискутирани сите законски решенија кои го регулираат регионалниот развој во Република Македонија и целата структура која е одговорна да ги спроведе регионалните политики во Република Македонија.

На работилницата одржана во Битола присуствуваа Претседателите на општините во Пелагонија и дел од координаторите на партиите присутни во секој од општинските Совети.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНФО ДЕНОВИ ЗА ИПАРД ПРОГРАМА

Во соработка со Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство на Република Македонија и Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во РМ, ЦРППР организираше два инфо денови за запознавање на сите заинтересирани со можностите кои ги нудат новите измени на ИПАРД Програмата 2007-2013 и начинот на користење на средства од оваа Програма.

Инфо денот се одржа во Битола, а на него учествуваа: земјоделци, претставници на бизнис сектор подобни за користење на ИПАДР средствата, претставници на јавниот сектор и претставници на невладиниот сектор.

За време на инфо денот од страна на стручните лица од Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руруалниот развој беа претставени новите измени во ИПАРД Програмата 2007-2013 година, со што се создадоа предуслови на наредните повици за користење на средства од оваа Програма да се јават поголем број на апликанти и да се зголеми апсорбциониот капацитет на Пелагонија но и на Република Македонија.

ПРОГРАМИРАЊЕ СО ДЕЛЕГАЦИЈА НА ЕВРОПСКА УНИЈА ВО РМ

Во ноември 2013 година, ЦРППР заедно со Делегација на Европска Унија во Република Македонија реализираше консултативни состаноци со претставници на невладиниот сектор и приватниот сектор од Пелагонискиот регион на тема "Развивање на ЕУ Програми за поддршка во делот на локалната и регионалната конкурентност и Економски развој".

Покрај претставниците од ангажирана домашна консултантска компанија, на состанокот присуствуваше и интернационален експерт на соодветната област, кој во директен разговор со вработените во ЦРППР, претставниците на бизнис и невладиниот сектор успеа да ги детектира потенцијалите и потребите на засегнатите

страни релевантни за идниот планирачки период на развојната помош на Европската Унија.

По завршувањето на состаноците, од страна на присутните експерти и од Делегација на Европска унија беше потенцирано дека сите предлози кои беа истакнати од страна на присутните ќе бидат земени во предвид при идното планирање на прирорите тите на развојната помош на ЕУ.

КАМПАЊА "МАКЕДОНИЈА ЗЕМЈА НА ЦВЕЌЕТО - ЗЕМЈА НА РОЗИТЕ"

На почетокот на оваа година, од ЦРППР, а по донесен заклучок на Владата на Република Македонија и дадените задолженија на Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ, беше побарано да се вклучи во кампањата "Македонија Земја на цвеќето-Земја на розите" која ќе биде спроведена во текот на месец март 2014 година (на Денот на Пролетта).

Целта на кампањата е да се придонесе кон заштита на животната средина во Република Македонија (Пелагониски регион) преку засадување на што е можно поголем број на цвеќиња-рози, кои според најновите научни истражувања се едно од најефикасните растенија за борба против загадувањето на воздухот и почвата.

ЦРППР од страна на МЖСПП доби јасни насоки за дејствување: да ги извести сите општини во Пелагонија за заклучокот на Влада на РМ за помасовно вклучување во оваа кампања заедно со бизнис секторот од нивните територии, презентација на кампањата и нејзините очекувани резултати пред Советот за развој на Пелагонискиот регион, обезбедување на детални податоци за основните училишта во Пелагонија и нивната заинтересираност за вклучување во самата кампања како и доследно прибирање на соодветни податоци и известување на МЖСПП за текот на спроведувањето на кампањата.

ЦРППР постапи согласно добиените насоки, односно, учеството на општините во кампањата ќе го стави како точка на петтата Седница на Советот за развој на Пелагонискиот регион и обезбеди и достави до Министерството податоци за основните училишта во Пелагонија.

МРЕЖА НА ЦЕНТРИ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО РМ

Согласно утврдените правила на работа на воспоставената Мрежа на Центри за регионален развој во Република Македонија, ЦРППР го организираше седмиот координативен состанок на ова тело.

Состанокот се одржа во Битола на 12.04.2013 година, а покрај осумте раководители на Центрите за регионален развој во РМ и претставниците на ГИЗ РЕД на истата учествуваше и Министерот за локална самоуправа на Република Македонија, г-динот Тахир Хани.

Присутните на состанокот работеа по следната агенда:

1. Вовед во состанокот
2. Цели на состанокот/ Разгледување на Записникот од 6-та средба
3. Коментари во однос на Заклучоците на Влада на РМ (125-та седница) поврзани со Стратегијата за рурален туризам и Акцискиот план
4. Активности поврзани со Стратегијата за рурален туризам и АП
5. Заеднички ставови на ЦРПР во однос на Заклучоците на Влада на РМ (125-та седница)
6. Подготовка за состанокот во Министерство за Економија, Сектор за туризам
7. Презентација од Анализите релевантни за ЦРПР изработени во рамки на ГИЗ РЕД Програмата
8. Изработка на нова финансиска анализа на ЦРПР како алатка за следење и лобирање
9. Статус со датабазата за извори за финансирање; Ажурирање и хостирање
10. Информација за донесените подзаконски акти од страна на МЗШВ поврзани со воведување на ЛЕАДЕР пристапот во РМ
11. Кратка информација од 1-от Состанок на Советодавното тело на ГИЗ РЕД 2013-2014
12. Заклучоци и следни чекори

МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Во 2013 година во организација на УНДП - Македонија, Комисијата за меѓуопштинска соработка согласно својата програма за работа и спроведените активности од страна на општините имаше редовна седница.

Седницата во состав од 8 претставници од сите 8 плански региони како и од претставници од Министерстово за локална самоуправа, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование на седницата ги разгледуваше склучените договори за меѓуопштинска соработка во Р.Македонија во текот на 2013 година.

По разгледувањето на склучените договори за меѓуопштински соработки, Комисијата за меѓуопштинска соработка дојде до заклучок дека бројот на склучен и меѓуопштински соработки е помал од минатата година и дека во соработка со УНДП

кој во изминатите неколку години беше еден од главните поддржувачи на процесот за склучување на меѓуопштински соработки, треба да се изнајде можност со цел мотивирање на општините да продолжат со склучување на договори за меѓуопштински соработки.

АКТИВНОСТИ ЗА ЛОБИРАЊЕ

Во текот на 2013 година, ЦРППР заедно со ГИЗ РЕД и Мрежата за регионален развој во РМ ги зајакна своите капацитети за подготовка на позициски документи и успешно спроведување на активности за застапување и лобирање.

За вработените во ЦРППР, од страна на сертифицирана консултантска компанија беше спроведена обука на соодветната тема, а резултат на самата обука беа стекнатите знаења на ЦРППР за подготовка на позициски документи како и за водење на процес на застапување на сопствените интереси но и лобирање за теми поврзани со регионланиот развој.

Конкретниот резултат на овие активност беше подготовката и испраќањето до Министерството за локална самоуправа на РМ на заеднички позициски документ на осумте регионални центри во Македонија во врска со предложените измени на Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија.

СТРАТЕШКИ ПЛАН И ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

Со цел подобро, посеопфатно и поквалитетно планирање на својата работа и нејзините среднорочни и краткорочни приоритети, ЦРППР со помош на експерти изработи планирачки документ - стратешки план кој ги дефинираше насоките во кои ќе се движи идното работење како и начините на кои тоа најефикасно ќе се спроведе.

Стратешкиот план за Пелагонискиот регион ги содржи следните приоритети:

Приоритет 1. Интензивирање на соработката и координацијата со општините основачи во рамките на осмислување на приоритети на програмата и реализација на проекти

Приоритет 2. Креирање портфолио на услуги и континуирано проширување на базата на клиенти / корисници

Приоритет 3. Организациско јакнење на Центарот и градење на капацитетите на вработените

Приоритет 4. Проширување на опсегот на делување со дополнителни сектори

Приоритет 5. Постигнување препознатливост на Центарот како партнер од страна на Европски институции и вклучување во големи ЕУ проекти.

За да можи посеопфатно да го реализира Статешкиот план, ЦРППР разви и Оперативен план за негова имплементација. Оперативниот план содржи серија од конкретни чекори кои ЦРППР треба да ги спроведе на микро-планирачко ниво а со крајна цел реализација на своите мисија и визија, односно своите законски надлежности.

РАБОТНА ГРУПА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОЕКТНИ ИДЕИ

За своите потреби при планирање на развојните активности, ЦРППР на предлог на Советот за развој на Пелагонискиот регион, формираше група за идентификација на проектни идеи. Работата на групата ја кооординира и модерира ЦРППР, а нејзината цел е да се идентификуваат најрелевантните потреби на Пелагонискиот регион и истите согласно дадениот контекст да се развијат во проектни идеи и проектни апликации.

Составот на работната група се менува во зависност од потребите на планирачкиот процес, но најчесто во неа учествуваат вработени во единиците на локална самоуправа на Пелагонија, претставници на невладиниот сектор или други стручни лица од одредена област.

Покрај квалитетот на процесот на идентификација на проектни идеи, олеснетата имплементација на проектите кои се дефинирани низ еден партиципативен процес, работата на групата значително придонесува и кон зголемување на транспарентноста на работењето на ЦРППР.

Одлуките и заклучоците кои работната група ги носи, согласно Законот за регионален равој на РМ се ставаат на разгледување и одобрување од страна на Советот за развој на Пелагонискиот регион.

УЧЕСТВО ВО ТРЕТА КОМПОНЕНТА НА ГИЗ РЕД

ГИЗ РЕД во Македонија започна иницијатива за поддршка на малите и средни претпријатија (МСП) преку искористување на постоечките мрежи за поддршка на овој дел од бизнис секторот. Во Пелагонискиот регион, донаторот преку партнерство со ЦРППР ја таргетираше структурата на институции и организации кои работат на поддршка на МСП во регионот и преку консултантска помош и конкретни насоки за работа успешно започна да го спроведува процесот на оваа територија.

ЦРППР како координатор на сите активности на оваа компонента во Пелагонискиот регион, организираше серија од консултативни состаноци со релевантните институции/организации: РРА Пелагонија ПРЕДА, Бизнис Старт Ап Центар Фонадиција, Занаетчиска комора на Битола, Регионална стопанска комора Битола, Бизнис Академија Смилевски и Мрежата за стекнување на вештини за вработување на млади лица (YES Network).

За време на консултативните состаноци, беа идентификувани повеќе проектни идеи кои недвосмислено и непосредно ќе го забрзаат растот и развојот на МСП во Пелагонија, а согласно правилата на компонентата, до крајот на месец февруари од сите нив ќе биде прифатена една идеја која ќе се развие во форма на апликација и која ќе му се предаде на донаторот на понатамошно разгледување и евалуација.

ПОРТФОЛИО НА УСЛУГИ НА ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН

Користејќи го своето искуство стекнато низ секојдневната работа, а со цел диверзификација на своите активности во насока на забрзан регионален развој, Центарот за развој на Пелагонискиот регион изработи портфолио на услуги кои во текот на 2014 година ќе почнат да се понудуваат на сите чинители во регионот: бизнис сектор, јавен сектор, невладин сектор.

Доколку се направи групирање на услугите на портфолиото, истите се поделени во следните главни категории:

- Услуги за поддршка на Советот за развој на Пелагониски регион
- Услуги за општо информирање
- Консултантски услуги за подготовка и имплементација на проекти
- Советување на бизнис секторот
- Обуки и услуги поврзани со изработка на анализи
- Лобирање за други засегнати страни

- Услуги за промоција
- Услуги за организација на координативни настани
- Поддршка на Мрежи и работни тела

Согласно последните законски измени, портфолиото на услуги ќе придонесе и кон зголемена одржливост на работењето на ЦРППР преку обезбедување на приходи од други извори покрај утврдените со закон: општините основачи и Министерството за локална самоуправа на РМ.

ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ

Во втората половина од месец декември активностите на тимот на ЦРППР беа насочени кон подготовка на завршната сметка на ЦРППР за 2013 година, Годишниот извештај за финансиското работење на ЦРППР и Годишниот извештај за 2013

година, извештајот за спроведувањето на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион.

ЧЛЕНСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

CEP – Собрание на Европски Региони (AER – Assembly of European regions)

Центарот за развој на Пелагонискиот регион и во текот на 2013 година го продолжи членството во Собранието на Европски Региони иако обврската за годишна членарина за тековната 2013 година не беше регулирана.

Градоначалникот на општина Битола г-дин Владимир Талески воедно и Претседател на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион со одлука на Генералното собрание на AEP е член на Бирото на AEP, кое претставува оперативно тело помеѓу две Генерални собранија.

Асамблејата на Европските региони (AEP) е формирана во 1985 година, AEP е најголемата независна мрежа на региони во Европа која обединува преку 270 региони од 33 земји со специфична мисија:

- да ги промовира принципите на еднаквост и регионална деморкатија;
- да го зголеми политичкото влијание на регионите во рамки на институциите на Европската Унија;
- да ги поддржи регионите во процесот на европска интеграција и глобализација;
- да ја зајакне интеррегионалната соработка во Европа и пошироко.

Членството во оваа Асамблеја е особено важно во насока на меѓународна промоција на Пелагонискиот плански регион, регионално поврзување со други региони во Европа како и аплицирање со заеднички проекти до Европскиот фонд за регионален разој (European Fund for Regional Development – ERDF) и други фондови на Европската Унија.

ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

Во текот на 2013 година, ЦРППР потпиша меморандуми за соработка со следните институции / организации:

1. Центар за нови иницијативи во уметноста и културата "Локомотива" за потребите на апликацијата "Регионални денови на културата" поднесена до Министерство за култура на РМ
2. Центар за нови иницијативи во уметноста и културата "Локомотива" за потребите на апликацијата "Културниот туризам во улога на економски развој

и социјална кохезија на одредена територија” поднесена до Асоцијација на Агенции за локални демократии АЛДА (регион Долна Нормандија)

Д-р Владимир Талески

_____

Претседател на Совет за развој на Пелагониски плански регион